Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Северна Македонија

Комора на медијатори на Република Северна Македонија

Со цел развој и соработка во делот на коморското работење, а во согласност со заедничките интереси на двете институции, Комората на медијатори на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комора на медијатори) и Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: КОАИ), во Скопје го потпишуваат следниов:

КОМОРА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 18/21
02.11.2021 год.
СКОПЈЕ

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| Примено: 02.11.2021г | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1034 | - | - |

# МЕМОРАНДУМ
## за меѓусебна соработка

Потписниците на овој Меморандум се обврзуваат дека во рамките на својата примарна дејност, заеднички ќе делуваат и меѓусебно соработуваат во интерес на реализација на цели од взаемен интерес, на следните начини:

- Континуирана соработка и координација меѓу стручните лица од Комората на медијатори и КОАИ во процесот на изработка на предлог документи или мерки за развој на коморското работење во Република Северна Македонија.

- Комората на медијатори се става на располагање за евентуални потреби на КОАИ за решавање на спорови за кои е потребно медијаторство, со сите свои вештини и знаења, а почитувајќи ги принципите на непристрасност и професионалност.

- КОАИ се става на располагање на Комората на медијатори за струкови консултации потребни на Комората на медијатори за предмети од медијаторска природа, кои имаат инженерска тематика.

- Размена на искуства и најдобри практики преку гостувања на претставници од КОАИ и Комората на медијатори на струкови настани што третираат теми од области на заеднички интерес.

- Учество во заеднички проекти во област на заеднички интереси.

- Двете страни потписнички на овој Меморандум, ги ставаат на располагање, во ограничен обем, своите просторни капацитети за потребите на другата страна

потписничка, доколку условите го дозволуваат истото, притоа покривајќи ги основните трошоци на другата страна.

- Други активности неспомнати погоре за кои двете потписнички страни ќе искажат интерес за соработка.

Заедничките активности и проекти се реализираат на иницијатива и покана на една од страните потписнички на Меморандумот.

Овој Меморандум не ги ограничува или строго утврдува начинот и видовите на соработка, туку ја насочува сферата на заеднички интерес која е во согласност со нивната мисија и визија.

| | |
|---|---|
| потпис и м.п. | потпис и м.п. |
| М-р Кристинка Радевски<br>Претседател | М-р Славе Младеновски<br>Претседател |
| Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Северна Македонија | Комора на медијатори на Република Северна Македонија |

Скопје, 01.11.2021